**FACTSHEET 2 MAJ 2009**

# Права. Почитување. Доверба.

Проект на Владата на Викторија за спречување на повреда на постарите



## Повреда на постарите – заедно тоа ќе го спречиме

Постарите луѓе имаат право – исто како и сите други – да живеат безбедно и да бидат третирани со почит и достоинство.

Во повеќето случаи, тоа и се случува. Истражувањата покажуваат дека меѓу 1 и 5% од постарите луѓе доживуваат некој вид на повреда или занемарување што е целосно неприфатливо.

Ако ве повредиле, не треба да се чувствувате беспомошни. Заедно, тоа ќе го спречиме.

## Што е повреда на постарите?

Повреда на постарите е секоја постапка која ги повредува постарите луѓе и која се извршува од страна на некој кои тие го знаат и му веруваат, како што се членови од семејството или пријателите.

Повредата може да биде физичка, но повреда е и ако некој:

- ви врши притисок да му дадете пари или ве принудува да потпишете документи кои не ги разбирате
- превзема контрола со вашите пари, имот или друга сопственост
- ви се заканува, ве заплашува или навредува
- одбива да ве пушти да излегувате и правите работи или да ги контактирате пријателите, членовите на семејството или службите за подршка
- не ви дава пристојна храна, облека или лична грижа кога треба.

## Чија одговорност е да го спречи повредувањето на постарите?

Секој треба да биде свесен за повреда на постарите и дека можеме тоа да го спречиме.

Надминување на повредувањето на постарите е заедничка одговорност – на владата, пружателите на услуги и заедницата во заедничка соработка.

Владата на Викторија го потенцира повредувањето на постарите во заедницата преку Стратегијата за спречување на повреда на постарите.

Стратегијата им помага на постарите жители на Викторија со услужни служби за едукација, правни и адвокатски и помошни услуги и пружање на обука на пружателите на услуги.

## Каде ќе добиете помош

Тешко е да се знае што е повреда, особено кога одговорното лице е некој кого го знаете и би требало да му верувате.

Вие може да се чувствувате засрамени или уплашени дека ако разговарате за тоа ќе ги влоши работите.

Ако нешто не изгледа правилно, а вие не сте сигурни, зборувајте за тоа.

Можете да се јавите на Seniors Rights Victoria, која е бесплатна и доверлива телефонска и советодавна служба низ цела Австралија и е финансирана од Владата на Викторија.

Seniors Rights Victoria помага кон спречување на повредување на постарите и ги заштитува нивните права со обезбедување на:

- телефонска линија за помош, информации и упатување
- одбрана и подршка
- правни совети
- општествена и професионална едукација.

A Victorian Government initiative

Victoria The Place To Be

MACEDONIAN

# Права. Почитување. Доверба.

Проект на Владата на Викторија за спречување на повреда на постарите



**Вие може да се јавите на Seniors Rights Victoria на 1300 368 821 од 10.00 до 17.00 час, понеделник до петок.**

Постарите луѓе може самите да се упатат или да бидат упатени од страна на пружателите на услуги, семејството или пријателите.

На линија: **www.cotavic.org.au/seniors_rights_victoria**

**Во итни случаи јавете се на 000 за помош.**

## Донесување на сопствени решенија

Ќе ви се помогне да донесувате сопствени решенија.

Чекорите кои може да ги направите се:

- планирање на иднината
- разговарање за проблемите и загриженоста со семејството, пријателите, други луѓе на кои им верувате или со Seniors Rights Victoria.

## Повеќе информации

За повеќе информации како Владата на Викторија го спречува повредувањето на постарите, појдете на **www.seniors.vic.gov.au**

A Victorian Government initiative

Victoria The Place To Be

**MACEDONIAN**